


**СДС во седум години власт направија тотална партизација во Македонија, каде дури и повиците за вработувања ги објавуваа на нивните фејсбук страни**

СДС не се тие кои треба да ги даваат адресите за партизација.

СДС кои седум години власт, единствено што направија за Македонија е што ги партизираа сите институции  и пори во општеството.

СДС се тие кои дури и судиите ги бираа во Струмица и Зајас, седиштата на Заев и Ахмети, и отидоа  до тој степен да повиците за вработувања во институции кои се од суштинско значење за државата, ги објавуваат на нивните официјални фејсбук страни. Колку за илустрација, на фејсбук страната на СДС Арачиново во септември 2022 година беше објавено известување до членовите да се пријавуваат на огласот за вработување

во АРМ.

Кај СДС ништо не се промени па дури и сега, новото раководство е само продолжена рака на  Заев.

Тоа и самите го потврдуваат, на пример самиот Филипче не се оградува од Заев.

СДС тонат во илузии, наместо консолидирана опозиција стана партија која е под водство на марионети на Заев.

СДС, партијата под водство на марионетата на Заев, Венко Филипче нека се посветат на себе, да се консолидираат и да бидат конструктивна опозиција.